


# Национална установа
# Библиотека "Григор Прличев" - Охрид

*ул. "Македонски просветители " 2, 6000 Охрид, Република Македонија*
*Телефони: 046 262-064 (централа); 046 264-838 (директор)*



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"
Бр. 04-428/1
03. 09. 2018 год
ОХРИД


Врз основа на член 77-ж од Законот за културата (Сл. весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-д став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 21 и 23 став 4 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 139/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 27/16), член 8 од Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ-Библиотека "Григор Прличев"- Охрид, согласно Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-3679/2 од 30.03.2018 година, а во врска со Одлука бр. 04-384/1; Одлука бр. 03-384/2 и Одлука 385/1 од 06.08.2018 година донесени од Управниот одбор на НУ-Библиотека "Григор Прличев", Охрид директорот донесе

## О Д Л У К А
## за избор на 1(едно) лице давател на услуги по објавен јавен оглас бр.01/2018

### Член 1

Во врска со Одлука бр. 04-384/1; Одлука бр. 03-384/2 и Одлука бр. 385/1 од 06.08.2018 година донесени од Управниот одбор на НУ-Библиотека "Григор Прличев" Охрид **за укинување на изборот на 1 (едно) лице** од став 3 од член 1 од Одлуката бр. 04-324/1 од 10.07.2018 година по објавениот јавен оглас бр.01/18 за вработување на неопределено работно време 4(четири) лица даватели на услуги и 1(едно) лице помошно-технички персонал, **и повторен избор на 1(едно) лице:**

**1.** За работното место КУЛ 03 04 Д 03 001; Стручен соработник во заштита на културното наследство; библиотекар во позајмување и услуги, се избира лицето Бети Лазеска Симоноска.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Во врска со Одлуката бр. 04-324/1 од 10.07.2018 година за избор на 4 (четири лица) даватели на услуги и 1 (едно) лице помошно-технички персонал по објавениот јавен оглас бр. 01/2018 во делот на изборот на давателите на услуги беа поднесени жалби за кои Управниот одбор решаваше на посебна седница и со Одлука бр. 04-384/1; Одлука бр. 04-384/2 и Одлука бр.04-385/1 од 06.08.2018 година се усвоија жалбите во врска со изборот на лицето Владимир Куциноски за работното место КУЛ 03 04 Д03 001; стручен соработник во заштита на културното наследство; библиотекар во позајмување и услуги со што горенаведената одлука во делот за избор на лицето Владимир Куциноски се укина и се повтори постапката за избор на едно лице за работното место КУЛ 03 04 Д03 001; стручен соработник во заштита на културното наследство; библиотекар во позајмување и услуги. Комисијата за постапка за вработување именувана со Решение за формирање Комисија за постапка за вработување бр. 04-282/1 од 26.06.2018 година од в.д. директорот (сега директор на Библиотеката) повторно ја спроведе постапката за вработување согласно Законот за културата и Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ-Библиотека “Григор Прличев”- Охрид и изготви Предлог: Ранг листа на кандидати за вработување на неопределено работно време на 1(едно) лице давател на услуги по јавен оглас 01/2018 година за работното место: КУЛ 03 04 Д03 001; стручен соработник во заштита на културното наследство; библиотекар во позајмување и услуги до директорот на Библиотеката.

Согласно член 21 од Законот за работните односи, според кој работодавачот има право на слободно одлучување за тоа со кој кандидат кој ги исполнува условите ќе склучи договор за вработување, директорот на Библиотеката одлучи да го избере лицето Бети Лазеска Симоноска, кое ги исполнува и општите и посебните услови по јавниот оглас бр.01/2018 за работното место КУЛ 03 04 Д03 001; стручен соработник во заштита на културното наследство; библиотекар во позајмување и услуги.

Согласно гореизнесеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Правна поука: Против ова Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Националната установа - Библиотека “Григор Прличев”- Охрид во рок од 8(осум) дена.**

Национална установа - Библиотека
"Григор Прличев"- Охрид
Директор,

Гордана Змејковска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" ОХРИД